



## ЗБОГАТЕНА КУЛТУРНАТА СОДРЖИНА НА СКОПЈЕ

# Нова галерија во центарот

Вечерва, со почеток во 20 часот, во центарот на Скопје, свечено ќе биде отворена галеријата "Аеро". Галеријата, чии простории се наоѓаат веднаш до книжарницата "Табернакул", е во сопственост на фирмата "Аеро" Скопје и ќе егзистира во соработка со"Аеро" од Целје, Словенија.

За отворањето е подготвена инаугуративна изложба со дела од повеќе македонски современи сликари, скулптори и керамичари: Вангел Наумов, Киро Урдин, Рубенс Корубин, Владимир Георгиевски, Драган Поповски-Дада, Драган Биков, Ана Темкова, Симон Шемов, Коле Манев, Благоја Николовски, Ѓорѓи Даневски, Јордан Манасиев, Данчо Кал'чев, Бранко Јакшиќ, Максим Димановски, Владо Аврамчев, Ангел Гавровски ...

Според идејата на сопствениците, во рамки на галеријата ќе функционира и посебен простор, во кој сите заинтересирани уметници редовно ќе можат се снадбуваат со сликарски материјали (бои, четки). По потреба, галеријата ќе врши и врамување на слики.

**И.Тасев**